Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

---

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран


**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................................7

**Проф. д-р Благоја Маркоски**

Дојранска Котлина...........................................................................................9

**Проф. д-р Марија Ацковска, Доц. д-р Неда Петровска**

Потенцијани извори на финансирање на туризмот во Дојранскиот регион...15

Проф. д-р **Гордана Панова**

Лековитоста на Дојранското Езеро...........................................................21

**Проф. д-р Ристе Темјановски**

Подобрување на патната инфраструктира во регионот на Дојранското Езеро за поттикнување на поинтензивен туристички развој...........................................27

**Доц. д-р Рубин Земон**

Популаризацијa на антрополшките вредности на Дојранскиот регион како можност за развој на туризмот...........................................................39

**Доц. д-р Виолета Мацова**

Средствата на ИПАРД во функција на поттикнување на туризмот во Дојран.............................................................................................................53

**Доц. д-р Маргарита Матлиевска**

Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро“..............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран......................................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.........................................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро...........................................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот...............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.........................................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.............................................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран........................................................................................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)........................................................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион........................................................................................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран..............................................................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран........................................................................................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран...................................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-Р ВАНЃА ДИМИТРИЕВА – КУЗАМНОСКА**

СЕКОЈДНЕВНОТО КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ НОСИИ ВО УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАКО ЕДНА РАЗВОЈНА ТОЧКА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН........................................................................................................................219

**М-Р МАРИНА РАДОСАВЉЕВИЌ-БОЈЧЕВА, М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, М-Р КОСТАДИНКА ЧАБУЛЕВА**

ИПА ФОНДОВИ: МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.......................................................................................................................225

**БРАНКО БИЗОЕВ**

ДЕСТИНАЦИСКАТА МЕНАЏМЕНТ КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ И ГАСТРОНОМСКИ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.......................................................................................................................233

**ТИХОМИР РУЧКОМАНОВ**

ДОЈРАНСКА БАРТЕР БЕРЗА...........................................................................................245

**ПЕТРАНКА ЧАЛКОВ**

РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН......................................253

**ЕФТИМОВА ЕЛИЗАБЕТА, ДУКОВА МАЈА**

АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Д-р Марија МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА**[55]

# УЛОГАТА НА МАЛИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН

**Апстракт**

Подрачјето на малите и средни претпријатија а посебно подрачјето на т.н.мал сектор е предмет на постојано изучување и истражување. Секторот на мали претпријатија во светски рамки има значајна улога во развојот на секоја национална економија. Малите претпријатија претставуваат важен сегмент во вкупната економска активност. Тоа е оној сегмент кој постојано ги менува работите, ги движи и развива. Појавата и развојот на малите претпријатија во изминатите дваесетина години е тесно поврзана со изразените економско-развојни димензии и демократските општествени процеси. Малите претпријатија, претприемништвото и претприемачите се основа на современото пазарно стопанство. Развиените пазарни односи, промените во начинот на економско размислување, преземањето на иницијатива и развојот на претприемништвото придонесуваат за промена на односите во националната економија и локалната заедница.

Малите претпријатија стануваат клучен фактор од аспект на создавањето на поголеми можности за сопствениците на истите и подобрување на состојбата во локалната, регионалната заедница и пошироко. Тие се носители на економскиот развој и се поврзуваат со претприемништвото и претприемничката иницијатива.

**Клучни зборови**: мали претпријатија, претприемништво,вработени

## 1.Малите претпријатија и претприемничката иницијатива

Значењето на претприемачката активност во услови на изразени економско-развојни процеси се повеќе се зголемува како резултат на зголемените потреби на потрошувачите и потребата од нивно задоволување.Претприемништвото претставува сложен процес на создавање на нешто ново односно нова вредност. Преку извршувањето

[55] Д-р Марија Магдинчева-Шопова,Фонд на ПИОМ на РМ, ул.7-ми Ноември бр.бб, Гевгелија, Р.Македонија, marija.sopova@piom.com.mk

на претприемничката иницијатива-претприемачот создава нова вредност (вложува знаење, време, презема финансиски, материјален, психолошки и социјален ризик) поради што тој е финансиски награден и истовремено задоволен со постигнатиот успех. Застапеноста на претприемништвото и претприемничката иницијатива кај малите претпријатија е прикажана преку практицирањето на иновативните потфати, преземањето на ризик и целосната независност во работењето. Во суштина наведените карактеристики ја определуваат суштината на претприемништвото и преку нив се прави дистинкција помеѓу претприемничко и непретприемничко однесување на претпријатијата. Застапеноста на претприемништвото кај малите претпријатија се согледува преку извршувањето на следните деловни активности:

- континуирано следење и примена на нови можности за развој во зависност од претприемничкото однесување,
- правилен избор на човечки ресурси и нивно распоредување на соодветни места,
- изразена способност на човечките ресурси за искористување на расположивите можности за развој,
- способност за алокација и комбинација на расположливите ресурси во услови кога за тоа ќе одлучи сопственикот и
- минимизирање на последиците од евентуалниот неуспех на деловниот потфат.

Претприемничкото однесување на малите претпријатија подразбира преземање одговорност од страна на сопствениците-претприемачи за преземање на одговорност за воведување на иновативните процеси во работењето. Воведувањето на иновативните процеси во работењето подразбира креирање на нови идеи, оценување на личните способности и преземање на акции. Преземањето на одговорност за деловните активности подразбира преземање на ризик од страна на претприемачот за реализирање на деловните активности, но истовремено и добивање на награда за успешно реализираниот деловен потфат.Поврзаноста на малиот бизнис со претприемничката активност се согледува преку три-димензионалниот модел на претприемништво. Три-димензионалниот модел на претприемништво овозможува оценување на активностите односно овозможува оценување на нивото на претприемничко однесување на малото претпријатие. “Три-димензионалниот модел на претприемништво се

состои од следниве три компоненти: економска иновација, креирање на организација и барање профит на пазарот."[56] Шуклев(2008)

Економската иновација подразбира примена на нова технологија или пак нови начини на користење на постојната технологија, при што се зголемува постојната вредност или се создава нова економска вредност.

Креирањето на организацијата овозможува реализирање на економската иновација. Во процесот на создавање на економската вредност вклучени се сите човечки ресурси во претпријатието а тоа бара воведување на соодветна организациска поставеност. Организациската поставеност го покажува начинот на кој ќе се реализира иновацијата. Барањето профит на пазарот ја лоцира областа во која преку претприемничко однесување ќе се реализира економската иновација.

## 2. Мали и средни претприајтија во Република Македонија

Подрачјето на малите и средни претпријатија е подрачје кое предизвикува голем интерес за истражувачите на економската наука. Интересот за изучување на оваа област се јавува како резултат на повеќе причини, меѓу кои спаѓаат забележливото зголемување на бројот на малите претпријатија, можностите за нови вработувања или само вработување и вработување на членови од својата фамилија. По дефиниција, малите претпријатија претставуваат претпријатија кои се во сопственост на едно лице или индивидуа и кои дејствуваат независно. Малите претпријатија претставуваат субјекти во кои сопственоста и менаџментот се независни, не се доминантни во подрчјето во кое дејствуваат и вообичаено не вработуваат повеќе од 50 вработени.

Според Законот за трговски друштва, трговците се класифицираат на големи, средни, мали и микро трговци во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (пресметковни години). "Мал трговец претставува трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години односно во првата година од работењето го задоволил првиот критериум и најмалку еден од вториот и третиот од следниве критериуми "[57]

[56] Шуклев Бобек, Менаџмент на мал бизнис, четврто издание, Економски факултет, Скопје, 2008, стр.287
[57]Закон за трговски друштва,(2004), Службен весник на РМ бр.28/2004, стр.21

- просечниот број на вработени врз основа на часови на работа да е до (50) пеесет вработени,
- годишниот приход да е помал од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност,
- вкупниот обрт да е помал од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност, и
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година)на вкупните средства(во активата)да е помала од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

**3.Активни мали претпријатија во Дојранскиот регион**

Спроведените истражувања за застапеноста на малите претпријатија покажуваат дека речиси во сите поголеми градови во Република Македонија, малите претпријатија се доминантни во споредба со останатите претпријатија. Во изминатите десет години, бројот на регистрирани мали претпријатија континуирано се зголемува. Така во 2004 година во Република Македонија регистрирани се околу 50.000 мали претпријатија што претставува 97,3% од активните претпријатија во истата година, за во 2010 година тој број да изнесува 70.000 мали претпријатија кои претставуваат 99% од вкупниот број на активни претпријатија оваа година. Од аспект на застапеноста по одделни сектори, може да се каже дека најголемиот број активни мали претпријатија се застапени во трговската дејност - трговија на големо и трговија на мало. Од аспект на застапеноста по одделни градови, Скопје е град со најголем број на мали претпријатија а Берово град со најмалку мали претпријатија. Спротивно од Општина Берово, во Крушево и Пробиштип постојат само мали претпријатија односно воопшто не постојат големи претпријатија. Податоците за бројот на активни мали претпријатија и вработените во нив во Општина Дојран во 2009 година, 2010 година и 2011 година, се прикажани во табела 1.

Табела број 1-Број на мали претпријатија и вработени во нив во период 2009-2011 во Општина Дојран

| Година | Број на претпријатија | Број на вработени |
|---|---|---|
| 2009 | 96 | 648 |
| 2010 | 105 | 659 |
| 2011 | 114 | 677 |

Извор: Стратегија за рурален развој на Општина Дојран (2010-2014)

Добиените резултати од спроведеното истражување покажуваат дека бројот на мали претпријатија и вработени во нив во Дојранскиот регион постепено се зголемува, и покажува индиции на постојано и континуирано зголемување односно од 2009 година до 2011 година бројот на мали претпријатија е зголемен за 18,75% а бројот на вработени во нив за 4,48%.

Од аспект на дејноста која ја извршуваат, најголем број на мали претпријатија во Дојранскиот регион или 57,5% се регистрирани како претпријатија за сместување и извршување на дејност за подготовка на оброци и служење храна, 15% извршуваат трговска претприемничка активност од областа на трговијата на мало и големо, освен трговија со мотоцикли, 5,3 % произведуваат машини и уреди, 7,8% произведуваат растителни и животински производи и се занимаваат со лов и услужни дејности, рибарство и аквакултура, 6,7% од малите претпријатија извршуваат претприемничка активност од областа на копнениот транспорт, цевоводен транспорт и транспортни услуги и 4,3% од малите претпријатија извршуваат други забавни активности.

## 4.Искористување на предностите на малите претпријатија во насока на развојот на туризмот во Дојранскиот регион

Предностите на малите претпријатија најдобро можат да се согледат доколку се изврши споредбена анализа помеѓу малите и големите претпријатија. Споредбено со големите претпријатија, малите претпријатија имаат предност од аспект на флексибилноста во работата, можноста за директни контакти со потрошувачите, добавувачите и вработените, кратките канали на комуникација и едноставниот процес на одлучување кој се јавува како резултат на независноста во работењето и извршувањето на менаџерската функција.

Флексибилноста кај малите претпријатија е изразена преку можноста за брза реакција и адаптација на промените во условите на работа. Малите претпријатија имаат голема способност за брзи промени на видот на бизнисот кој го извршуваат со цел секогаш да одговорат на барањата на потрошувачите.

Директни контакти со потрошувачите, добавувачите и вработените ги зацврстуваат односите помеѓу сопственикот на претпријатието со надворешните субјекти. Преку директните контакти, сопственикот ги согледува карактеристиките на потрошувачите, нивните потреби и барања и го прилагодува однесувањето на претпријатието. Конкретно за сопствениците на малите претпријатија од Дојранскиот регион, добиените информации од директните

контакти се многу важни бидејќи тие може да се искористат за брзо прилагодување на претпријатието кон потребите на туристите. Кратките канали на комуникација се јавуваат како резултат на организациската структура и видот на менаџмент кој постои кај малите претпријатија.

Едноставноста во процесот на одлучување произлегува од тоа што сите одлуки за работење на претпријатието ги носи сопственикот кој истовремено е и менаџер. Поради тоа одлуките се донесуваат брзо а започнувањето со работа или промена на веќе донесените одлуки зависи од волјата на сопственикот на претпријатието. Може да се каже дека малите претпријатија имаат "вродена", уникатна предност која се поврзува со слабата бирократија, ефикасните, неформални комуникациски системи и висок степен на адаптилност на пазарот преку воведување на реалативно поефтини иновации во работењето. Предностите во функционирањето на малите претпријатија или нивните силни страни потребно е да бидат искористени во насока на збогатување на туристичката понуда и развој на туризмот во Дојранскиот регион. Во таа насока а при тоа имајќи ги во предвид резултатите добиени од спроведеното практично истражување за бројот на мали претпријатија и дејноста која ја извршуваат, потребно е да се поттикне процесот на започнување со претприемничка активност преку формирање на мали претпријатија во услужниот сектор засновани на интернет-технологијата за промоција на туристичката понуда, мали претпријатија-туристички агенции за анимирање на туристите и понуда на дневни ангажмани за целосно исполнување на слободното време на туристите , формирање на мали претпријатија кои би понудиле сосема нова линија производи и услуги, спортско-рекреативни објекти, мали претпријатија за рехабилитациски услуги и услуги за лечење, спа и фитнес центри.

Во интерес на понатамошниот развој на туризмот во Дојранскиот регион преку поттикнување на процесот на формирање на мали претпријатија, би била и активната улога на локалните институции. Локалните институции може да помогнат преку следните два начина: институционална помош и стручно-едукативна помош. Институционалната помош подразбира подршка и започнување со работа на информативни канцеларии или информативен пулт за собирање на информации и податоци за потребите на претприемачите и поттикнување на соработката со релевантни,финансиски институции. Стручно-едукативната помош подразбира подржување на програми за оспособување на претприемачите и стекнување на нови знаења, одржување на семинари и стручни обуки за претприемачите како и

поттикнување на проектни активности за деловна соработка и партнерство во земјата, регионот и земјите од ЕУ.

## Резиме

Малите претпријатија стануваат се поважен фактор за развојот на секоја национална економија. Тие создаваат нови можности за раст и развој и се основните чинители за подобрување на економската состојба во локалните заедници. Предностите кои ги поседуваат малите претпријатија треба да се стават во функција на поттикнување на развојот на локалната зедница односно развојот на туризмот во Дојранскиот регион. Поради тоа потребно е да им се помогне на малите претпријатија во насока на поттикнување за започнување со претприемничка иницијатива во одредени подрачја на работа или воведување на иновативни промени кај постојните мали претпријатија. Резултатите од спроведените истражувања покажуваат дека во континуитет бројот на мали претпријатија во Општина Дојран се зголемува но потрошувачите-туристи очекуваат и имаат потреба од понуда на нови програми и услуги. Во оваа насока потребно е да се насочат активностите на малите претпријатија. Подршката која доаѓа од страна на локалните институции и релевантните државни институции за развој на секторот на мали претпријатија, преку спроведување на институционална и стручно-едукативна помош претставува важен елемент за развојот на малите претпријатија и туризмот во Дојранскиот регион.

## Литература

1.Burns Paul, Jim Dewhurst, (1996), Small business and entrepreneurship, London, Macmillan ;
2.Deakins David, Freel Mark,( 2005), Entrepreneurship and small firms,McGraw-Hill Company, New York
3. Фити Таки,(2008),Основи на економијата, Скопје, Економски факултет;
4.Закон за трговски друштва,(2004), Службен весник на РМ бр.28/2004
5.Стартегија за рурален развој на Општина Дојран,(2010),Дојран, Општина Дојран
6. Шуклев Бобек, (2008), Менаџмент, Скопје, Економски факултет